


# Со Република Македонија владее криминален и тоталитарен режим кој го гони секој што не се согласува со деспотот Зоран Заев

Со Република Македонија владее криминален и тоталитарен режим кој го гони секој што не се согласува со деспотот Зоран Заев.

Правосудниот систем е заробен од аболицираниот Заев и неговата крими група и единствено служи за пресметка со неговите политички неистомисленици.

Дека Македонија е земја во која се спроведува политички прогон потврди и Шведска која одби да екстрадира еден од обвинетите за 27-ми април со образложение дека случајот е политички монтиран и не се води по фер, законски основана постапка.

Уште една потврда дека Заев го контролира судството стигна и од висок функционер на владејачкото мнозинство. Блерим Беџети, градоначалникот на Сарај, изјави дека лично Зоран Заев вршел притисоци и влијание за смена на судии.

Во ситуација кога Европа од нас бара независно судство на виделина излегува дека Заев се меша во правосудниот систем и под своја контрола ги држи судиите и обвинителите во Република Македонија.

Токму затоа и истрагата за случајот „Рекет“ не е проширена и се одолговлекува за да се добие на  време и да се уништат докази што го поврзуваат Заев.

Не постои граѓанин на Република Македонија кој верува дека Заев не е главата на овој криминален октопод кој рекетирал  бизнисмени низ државата. Целата јавност ги слушна снимките од италијанскиот медиум Ла верита и се увери како се уништува правдата во Македонија. Сите слушнаа како Катица Јанева својата позиција ја користи за изнуда на милионски суми, заедно со Боки Тредичи протежиран од Зоран Заев.

Цела Европа ја коментира криминалната реалност, која се случува во Република Македонија  која  е во конструкција на криминалецот Зоран Заев. Сериозно загрозена е европската перспектива на државата само заради криминалитетот и коруптивниот карактер на Заев и картелот околу него.

Одговорност за сето ова мора да има. На Македонија потребна и е обнова. Затоа неопходно е Зоран Заев и СДСМ веднаш да си заминат за да се вратат правдата и владеењето на правото во Република Македонија.

**ВМРО-ДПМНЕ**